# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 177. Дата: 27. 05. 2013.**


## Цитати од познати христијански проповедници

Во овој број ви претставуваме повеќе цитати од познати христијански проповедници и теолози, кои се поврзани со карактерот на човекот и неговиот однос кон Создателот-Бог.



- „Љубезноста е јазик што и глувите можат да го слушнат и слепите можат да го прочитаат“.
- „Вистинската, потполна радост доаѓа кога ќе сватиме дека нашата целосна сигурност и доверба се наоѓаат во Бог, дури и во моменти на прогонство“.
- „Животот е 10% тоа што ти се случува и 90% како ти реагираш на тоа“. **-Charles Swindoll**



- „Кога богатството е загубено, ништо не е загубено. Кога здравјето е загубено, нешто е загубено. Кога карактерот е загубен, се е загубено.
- „Не е погрешно човекот да поседува богатство. Станува погрешно кога богатството почнува да го поседува човекот“.
- „Бог е заинтересиран за твојата иднина и твоите односи, повеќе и од тебе“.-**Billy Graham**



- „Не е толку важно да учиме нови идеи, колку што, да се потсетуваме на старите вистини“.
- „Има два вида луѓе: едните се оние кои на Бог му велат ’нека биде волјата Твоја’, а вторите се тие на кои што Бог им вели ’добро, те оставам да си тераш по твое’ “.
- Сите велат дека простувањето е прекрасна идеја се додека не се најдат во ситуација тие самите некому да простат“. **-C.S. Lewis**




- „Бог те сака таков каков што си, но не до толку што би те оставил во таква состојба“.
- „Ти вредиш, бидејќи постоиш. Не поради тоа што го правиш, или што си го направил, туку поради тоа што си“
- „Ако Бог имаше ладилник, твојата слика ќе беше закачена на него“.
- „Оној што сака да раководи со оркестарот, мора да го сврти грбот на толпата“ - **Max Lucado**



- Јас верувам дека голата вистина и безусловната љубов ќе го имаат последниот збор во реалноста. Токму затоа праведникот, иако привремено е поразен, е посилен од злиот кој надвладува“.
- „Вистинскиот карактер на човекот се гледа, не според неговите ставови, кои се изразени во моменти на удобност и прифатеност, туку во моменти на предизвици и контроверзност“. – **Martin Luther King**


**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440.**
**Е-пошта : novosrce1@gmail.com**